Проектот е финансиран
од Европската Унија

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"



Извештај од истражување

# Искуството и активностите на младите од Полог и нивото на учество во заедницата

ЕУ со тебе

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО

forumi i gruas
женски форум
women's forum

# Искуството и активностите на младите од Полог и нивото на учество во заедницата

*Извештај од истражување*

**Издавач:**
Асоцијација за демократска иницијатива
Бул. Браќа Ѓиноски 61, 1230 Гостивар
www.adi.org.mk

**За издавачот:**
Лулзим Хазири

**Автори:**
Наташа Амдију
Ана Станоевска

**Лектура**:
Габриела Петроска

**Дизајн и печатење:**
Контура

Оваа публикација е дел од проектот „Генерација за промени – млади лидери од Полог” кој е финансиран од програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА. За содржината на оваа публикација целосно е одговорна Асоцијацијата за демократска иницијатива и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

## Содржина

***Предговор*** ***.......................................................................................................... 6***
***Вовед*** ***................................................................................................................ 8***
***Извршно резиме*** ***................................................................................................. 11***
***Методологија*** ***..................................................................................................... 12***
***Наоди добиени од спроведениот прашалник*** ***.................................................. 15***
***Заклучоци и препораки*** ***........................................................................................ 31***
***Додаток*** ***............................................................................................................... 34***
***Библиографија*** ***...................................................................................................... 38***

Графикон 1 Возрасна структура на млади испитаници ............................................... 15
Графикон 2 Пол на испитаници/чки......................................................................... 15
Графикон 3 Испитаници/чки  по општини ................................................................. 16
Графикон 4 Испитаниците/чките по етничка припадност ............................................ 16
Графикон 5 Приказ на степенот на активност на испитаниците во своите локални заедници................................................................................................................ 17
Графикон 6 „Што е за вас активно учество во заедницата?”......................................... 17
Графикон 7 “Дали сметате дека младите волонтираат во нивните заедници?“ ............ 18
Графикон 8 Приказ на причините за тоа колку често младите волонтираат во нивните заедници................................................................................................................ 18
Графикон 9 Степен информираност на можности за волонтирање? ............................ 19
Графикон 10 Приказ на полињата за можностите на волонтирање на младите............ 20
Графикон 11 Приказ на скала од 1 до 5 колку локалната самоуправа е отворена за иницијативи и предлози од млади луѓе во општината .................................................. 21
Графикон 12 Приказ за отвореноста на локалните самоуправи за иницијативи и предлози ................................................................................................................ 22
Графикон 13 Приказ на скала од 1 до 5 колку локалната самоуправа ги поддржува идеите на млади луѓе во општината. ............................................................................ 23
Графикон 14 Приказ колку локалните самоуправи ги поддржуваат идеите на младите по општини ................................................................................................................ 24
Графикон 15 Приказ на најмал Vs.најголем проблем на младите луѓе во нивните општини. ................................................................................................................ 25
Графикон 16 Што младите во општина Тетово сметаат дека е најмал, а што најголем проблем. ................................................................................................................ 26

Графикон 17 Што младите во општина Гостивар сметаат дека е најмал, а што најголем проблем. ........................................................................................................................ 28
Графикон 18 Што младите во општина Врапчиште сметаат дека е најмал, а што најголем проблем. ........................................................................................................................ 29

# „МЛАДИНАТА Е ПРЕДВОДНИК НА ПРОСПЕРИТЕТОТ”

Бенџамин Дизраели

## Предговор

Извештајот од спроведено истражување **за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог и нивото на нивното учество во заедницата** ја анализира перцепцијата на младите за граѓанското учество, активностите и ангажманите на тоа поле, како и можните причини и пречки за нивната неактивност. Во извештајот се идентификувани и проблемите во општините кои директно ги засегаат младите луѓе.

Изработката на овој извештај е резултат на напорите на Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) учеството и проблемите на младите да бидат земени предвид од јавноста и носителите на одлуки. **Овој извештај** е во рамките на проектот „**Генерација за промени – млади лидери од Полог",** имплементиран од Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ). Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија, преку програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен развој на заедницата", спроведуван од Коалицијата на младински организации СЕГА.

Со истражувањето сакаме да обезбедиме релевантни податоци и факти за позицијата, ставовите и проблемите на младите денес, но и да ги поттикнеме општествените чинители (институциите, политичките партии, младинските организации и медиумите) да го земат предвид социо-политичкото учество на младите во Северна Македонија како општествена група со нивни специфични интереси и потреби.

Младите на возраст од 15 до 29 години, кои се целна група на ова истражување, се категорија граѓани на која државата ретко гледа издвоено од другите категории граѓани. Дури и кога станува збор за креирање политики наменети за младите, државата почесто зазема унифициран пристап, наместо да ги стави во преден план различните потребите на младите кои доаѓаат од рурални средини или помали градови, младите со попреченост и младите од семејства со ниски приходи. Поради ова, лесно е да се претпостави дека кога не се носат политики и решенија според потребите на младите, истите имаат помал избор во образовните можности, можностите за лична надградба и напредок, можностите за себеизразување, како и учеството во културни настани.

Оттаму, препораките во оваа анализа, посветени на секој чинител поединечно, имаат за цел да поттикнат градење на подобри услови за младинско учество и добросостојба. Дел од клучните препораки посветени за претстојниот период се: креирање можности односно преземање активни мерки за вработување на младите по завршување на училиштето, препознавање на потребата од дуално образование, обезбедување можности за стручно усовршување на младите според побарувачката на работна сила, преку различни механизми општините да ги поттикнат младите на соработка и да отворат простор за дијалог, општините да обезбедат поддршка на младинскиот активизам и да се зајакне капацитетот на младинското организирање, како и

вклучување на младите при застапување и креирање политики. На долг рок, фокусот треба да биде ставен врз креирање национална стратегија за млади, отворање на локални младински центри и континуирано подобрување на економската позиција на младите.

# Вовед

Младите луѓе опфаќаат близу една четвртина од светската популација, но нивната вклученост при носењето одлуки и креирањето политики е незначително, што става знак прашалник на репрезентативниот квалитет на овие тела. Во секое општество младите се движечка сила, како на општествениот така и на економскиот развој во државата. Тие се активно вклучени во целокупниот општествен живот, носат промени, даваат идеи и прогрес кон подобро и похумано општество.

Младите во нашата земја се на маргините од нашето општество. Иако беа направени напори за донесување стратегии и планови, па дури и Закон за млади, за жал младите сè уште изостануваат од процесите при носење одлуки и креирање политики, како на локално така и на национално ниво. Според националното законодавство, под терминот „млади” во Северна Македонија се подразбира секој човек од 15 до 29-годишна возраст.

Во 2021 година, од вкупното младо население во Северна Македонија (приближно 390.000 лица), околу 130 илјади (или 33,4%) биле вработени и 50.000 лица биле невработени (12,9%). Околу 210.000 млади лица биле неактивни, главно поради посетување настава (78,1% од сите млади неактивни лица). Во истата година, речиси 40% од сите млади невработени лица барале работа подолго од една година. Стапката на млади луѓе што не се вработени и не се вклучени во образование или обука била 24,2%, речиси двојно поголема од просечната стапка евидентирана во ЕУ (13,7%).[1] Состојбата на младите лица е особено тешка во Североисточниот, Полошкиот и Југозападниот регион во земјата, каде што нивоата на невработеноста на младите луѓе, а особено уделот во долгорочната невработеност, се повеќе од трипати поголеми од просекот што е евидентиран во Југоисточниот и Источниот регион.[2] Цената на невработеноста кај младите за поединците и општеството е висока. За општеството, со високата стапка на невработеност се намалува можниот придонес на младите кон економскиот пораст и развој.

Причините за зголемената стапка на иселување на младите од Република Северна Македонија се токму недостатокот од соодветно креирани политики за младите во областа на образованието, вработувањето и социјалната заштита, како и ниската функционалност на институциите. Иселувањето, незадоволството, како и недостатокот од комуникација за активно вклучување на младите во демократските процеси се дел од факторите што влијаат на стагнацијата на социјалниот капитал на младите во нашата земја во текот на последните десет години[3]. Отсуството на современи политики,

[1] https://socijalendijalog.mk/wp-content/uploads/2022/08/MKD_NEET-Mapping-and-Policy-Proposals.pdf
[2] ibid
[3] ibid

стратегии и документи што ќе ја унапредат позицијата на младите преку нивно ефективно вклучување во донесувањето одлуки во образовниот процес на локално и национално ниво, е нешто што низ годините се провлекува како предизвик на образовните, локалните и националните власти.

Националната стратегија за млади (2016-2025) нагласува дека: „Младите се носители на позитивните промени, како во Република Северна Македонија, така и ширум светот. Тие се ресурс за иновации и идна движечка сила на социјалниот и економскиот развој. Младите ги предизвикуваат воспоставените норми и вредности и ги градат темелите за иднината на нашата земја. Република Северна Македонија ја уважува оваа значајна улога на младите. Токму затоа од исклучителна важност е постојано и систематски да се вложува во нивниот развој, но и во воспоставување на механизми за нивно активно учество во општествените процеси….“[4]

Законот за младинско учество и младински политики го дефинира поимот „младинско учество” како процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Во рамките на самиот закон се предвидени механизми за младинско учество на национално нивно, односно Национално собрание за млади; и на локално ниво, односно Локални младински совети. Од аспект на имплементацијата, Националното собрание на млади, следствено и Националното советодавно тело за младински политики сè уште не се формирани, а Локални младински совети има само во 11 општини (13.5% од вкупниот број општини).[5]

Младинското учество е дел и од стратешките приоритети од Националната стратегија за млади (2016 – 2025), сепак во истата не се предвидуваат никакви специфични одредби или мерки кои се однесуваат на млади кои доаѓаат од средини со помалку можности.

Можностите за младите во Полошкиот регион во однос младите во Град Скопје и Скопскиот регион се значително помали. Младите од помалите средини се меѓу најзагрозените и најисклучените групи во заедницата, посебно во процесите на донесување одлуки кои имаат директно влијание врз нивниот живот.

Ова го потврдува и последната студија за младинските трендови во Република Северна Македонија, каде што се истакнува дека младите немаат големо искуство да бидат консултирани во процесите на донесување одлуки, како од страна на локалната самоуправа, така и од други локални институции. Младите сметаат дека најдобар начин

[4] Национална стратегија за млади 2016-2017 г.
[5] https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2022/04/Monitoring-izvestaj_MKD-2.pdf

и можност да се вклучат во донесувањето одлуки на локално ниво е преку граѓанските организации, се истакнува во студијата[6].

Учеството во процесите на одлучување е важен механизам за остварување на активно граѓанство. Консултирањето на младите луѓе за различни прашања од нивен интерес, од урбанистичкото планирање и управувањето со нивната животна средина, до прашања за образование, вработување и домување, обезбедува легитимитет на одлуките и политиките на властите.

Изработката на новата Национална стратегија за млади на Северна Македонија е започната и таа ќе го опфати периодот 2023 – 2027 година. Новата стратегија треба да одреди јасни цели, со конкретен и спроведлив акционен план за таргетирање на најголемите проблеми на младите, но треба и да ја демонстрира важноста од стратешко планирање и имплементирање, посебно за младите од понеразвиените средини.

Извештајот од спроведеното истражување **за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог и нивото на нивното учество во заедницата** е во рамките на проектот „**Генерација за промени – млади лидери од Полог“,** имплементиран од Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ). Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија, преку програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен развој на заедницата", спроведуван од Коалицијата на младински организации СЕГА.

[6] Детско село Северна Македонија, ПОЧЕТНА СТУДИЈА ЗА МЛАДИНСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2021

## Извршно резиме

Според сумираните податоци од анкетниот прашалник можеме да забележиме дека од понудените 5 области, младите најголема важност им придале на проблемите од областа на вработувањето и образованието. Овој причинско – последичен проблем кој во општеството се провлекува долго време, почнува да зема се поголем данок.

Младите ги препознаваат клучните проблеми во својата локална средина и имаат волја да придонесат кон развој на локалната заедница. Покрај вработувањето и образованието, младите од Полог ги препознаваат инфаструктурата и животната средина, како следни доминантни проблеми.
На отвореното прашање по кое испитаниците/чките можеа да се изјаснат за други проблеми кои ги сметаат за релевантни, **во најголем број е наведено дека како проблем кој треба да се третира е образованието и потребата од поактивно неформално образование на младите луѓе.**

Висок процент од испитаниците/чките сметаат дека и **финансиите се проблем на младите**. Дополнително сметаат дека, за жал, сè функционира низ призмата на парите. Младите не се сфаќаат како сериозен двигател на општеството, а сето тоа придонесува младите да се чувствуваат дискриминирани. **Културните настани се на незначително ниско ниво, како и спортските збиднувања**. Загрижува фактот што во неколку наврати младите истакнале дека во нивните општини степенот **на продавање и консумирање на наркотични средства е на високо ниво, а надлежните не преземаат никакви мерки.**
Во продолжение на текстот проследете ја целосната анализа.




## Методологија

Процесот на истражување на активизмот и потребите на младите од Полошкиот регион беше структуиран на начин да обезбеди насоки за севкупниот тек на активностите и ангажманот на младите.
Беа организирани ориентациони усни интервјуа (со 6-7 млади од секоја општина) со цел добивање на првични наоди и соодветно креирање на инструментот (прашалник) на истражувањето.

Смислата за организирање на ориентационите интервјуа е прибирање на првични податоци за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог, како и нивото на нивното учество во заедницата. Ориентационите интервјуа беа спроведени во текот на месец ноември 2022 година.

Целта на истите беше да помогнат во креирањето на конечната верзија на инструментот на истражување, којшто ги опфати, но не се ограничи на следните прашања: образование; специфични проблеми во заедницата; вклученост во формални и неформални мрежи, посредно и непосредно вклучување во локалното одлучување; егзистенцијални прашања; осамостојување, и сл. Истражувањето се спроведе преку поставување на прашалникот на онлајн платформа, како најбрзо и најефикасно средство за прибирање на податоци со кои ќе се анализира моменталната состојба во однос на потребите на младите.

Пред да учествуваат, младите беа информирани за природата на истражувањето и им беше кажано дека учествуваат врз доброволна основа. Сите учесници беа информирани за истражувањето, неговите цели и за тоа каква улога имаат во процесот. Им беше јасно кажано дека со учеството нема никому да наштетат, но и нема да имаат непосредни лични придобивки. Им беше кажано да дадат вербална согласност за учество во интервјуто и им беше објаснето дека можат во секој момент да се повлечат од процесот. Во овој контекст, младите луѓе смееја да ги прескокнат прашања на кои не сакаа да одговорат.

Од ориентационите интервјуа произлегоа значајни информации за животот на младите во општините Врапчиште, Гостивар и Тетово, нивните потреби и проблеми. Ориентационите интервјуа ги дадоа и насоките за подготовка на прашалникот за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог и нивото на нивното учество во заедницата.

Прашалникот беше дисеминиран до младите од општините Гостивар, Тетово и Врапчиште и опфати вкупно 503 млади, на возраст од 15 до 29 години.

Најголем број од младите опфатени со истражувањето, 38,6%, се на возраст од 19-25 години, додека пак 34,6% се на возраст до 18 години. Половата структура е прилично изедначена 50,7% се машки испитаници и 49,3% се женски испитанички.
Најмногу одговори на прашалникот се од општина Гостивар 43,9%, потоа од општина Тетово 27,4% и од општина Врапчиште 28,6%. Според етничката структура, 59% од младите се од албанска етничка заедница, 25% се од македонската етничка заедница, 11% се од турската етничка заедница и 5% од ромската етничка заедница.

Истражувањето се спроведе преку поставување на прашалникот на онлајн платформа, како најбрзо и најефикасно средство за прибирање на податоци со кои се анализира моменталната состојба во однос на потребите на младите. Теми кои беа опфатени во прашања се образование; специфични проблеми во заедницата; вклученост во формални и неформални мрежи, посредно и непосредно вклучување во локалното одлучување; егзистенцијални прашања.

Ориентационите интервјуа, креирањето на инструментот и обработката на податоците во финален извештај беше спроведено од двајца експерти.

Прашалникот се состои од вкупно 13 прашања. Во најголем дел од прашањата се дадени алтернативни одговори (со впишување на ознаката "X" кај точниот одговор), на две прашања може да се заокружат повеќе од понудените одговори, а четири прашање се од отворен карактер. На самиот прашалник му претходат општи информации кои се

однесуваат на податоци по однос на возраст, пол и општина во која живеат испитаниците/чките.

За пополнување на овој прашалник беа доволни 5 минути.

## Наоди добиени од спроведениот прашалник

Овој извештај се однесува на активизмот и потребите на младите од Полошкиот регион, кој ќе обезбеди насоки за севкупниот тек на активностите и ангажманот на младите во овој регион.

Возрасната група на младите кои се вклучени во истражувањето од вкупно 503 испитаници/чки, **34,6% (174) се на возраст до 18 години**. Најголем број од младите испитаници/чки се на **возраст од 19-25 години, односно 38,6% (194).** На возраст од **25 - 30 години се 22,3% (112),** а најмал број од испитаниците/чките се на **возраст од 30+ години, односно 4,8% (24).**




*Графикон 1 Возрасна структура на млади испитаници*

Во однос на полот на младите испитаници/чки вклучени во истражувањето за активизам и потребите на младите од Полошкиот регион од **машки пол се 50,7% (255), а од женски пол се 49,3% (249) испитанички.**




*Графикон 2 Пол на испитаници/чки*

Најмногу млади испитаници/чки кои одговориле на прашалникот биле од **општина Гостивар 43,9% (221)**, од **општина Тетово 27,4% (138),** од општина Врапчиште **28,6% (144)** млади испитаници/чки и само **0,2% лице (1) од општина Боговиње**.




*Графикон 3 Испитаници/чки по општини*

Најголем број од младите испитаници/чки се од **албанска етничка припадност 59% (295**), од **македонска припадност се 25% (123), турска етничка припадност 11% (57)** испитаници/чки, од **ромска припадност 5% (26**) и од **друга припадност само еден испитаник/чка.**




*Графикон 4 Испитаниците/чките по етничка припадност*

Младите испитаници/чки на првото прашање дали се активни во својата локална заедница **49.3% (248) одговориле потврдно со ДА**, **41,6% (209) одговориле со НЕ**, само **11,1% (56) од младите испитаници/чки одговориле со НЕ ЗНАМ**.




*Графикон 5 Приказ на степенот на активност на испитаниците во своите локални заедници*

На прашањето „*Што е за вас активно учество во заедницата*", најголем број од испитаниците/чките **39,4% (198) сметаат дека тоа значи да се ангажирани во граѓанска организација, а 31% (156) сметаат дека активно учество во заедницата е да алармираат за проблемите во својата заедница** (на пример до општината). Со **Не знам одговориле 27% (136) испитаници**. Само **2% (10) испитаници одговориле со друго,** со **по 0,2% (1)** испитаник одговориле дека активното учество во заедницата претставува вклучување на поединци во јавниот живот и прашања кои можат да се направат на локално, национално и меѓународно ниво, односно преку ангажирањето во НВО ја подигаат свеста за проблемите, им помагаат на другите и ги учат младите на многу нешта. **Еден испитаник/чка (0,2%) одговорил дека активно учество во заедницата се одговорите под а) и б), односно да се ангажира во граѓанска организација и да алармира за проблемите во заедницата.**




*Графикон 6 "Што е за вас активно учество во заедницата?"*

Во однос на прашањето „Дали сметате дека младите волонтираат во нивните локални заедници", **53,1% (267) одговориле со ДА, 34,4% (173) одговориле со НЕ, а само 17,5% (88) испитаници одговориле со НЕ ЗНАМ.**




*Графикон 7 "Дали сметате дека младите волонтираат во нивните заедници?"*

Прашањето бр.4 е во однос на претходното прашање за сите оние испитаници/чки кои одговориле со ДА, но според бројот на одговори добиени на ова прашања, сите 503 испитаници одговориле на истото. Од нив **30,2% (152) сметаат дека младите волонтираат во нивните локални заедници само кога има проблем со кој се засегнати самите, 17,9% (90) испитаници сметаат дека младите често волонтираат во нивните локални заедници и знаат многу волонтери**. Од испитаниците **15,1% (76) одговориле дека и самите се волонтери/волонтерки. 14,5% (73) одговориле дека учествуваат само кога ќе бидат поканети да учествуваат во активности на граѓански организации, а дури 22,3% (112) одговориле со НЕ ЗНАМ**.




*Графикон 8 Приказ на причините за тоа колку често младите волонтираат во нивните заедници*

Во однос на прашањето 5 кои се причините и препреките за да не волонтираат, **најголем број од испитаниците/чките истакнале дека младите не се мотивирани да учествуваат во активности**, нема доволно места каде би се пријавувале да волонтираат, не се доволно информирани и младите не се свесни за потенцијалот кој го поседуваат. Како пречка зошто младите не волонтираат се наведува **немањето финансиска мотивација која би ја добивале младите,** па дури кога таа би била и во висина на покривање на патните трошоци. Во неколку наврати испитаниците/чките истакнуваат дека, за жал, во некои ситуации има и **злоупотреба на доброволците поради политички цели** и тоа е посочено како една од пречките и причина зошто младите не се заинтересирани за волонтирање.

Од вкупно 502 испитаника, **52,9% (265)** одговориле **дека лесно е да се информираш за можностите за волонтирање (**преку социјални мрежи и сл.), **13,4% (67)** одговориле дека **не можеле да најдат информации за можности за волонтирање** иако барале. **Не побарале информации за волонтирање 21% (105)**, а **12% (60) испитаника/чки не знаат каде да побараат информации за можност за волонтирање**. По 0,4% (2) испитаник/чка одговориле дека информациите за можноста за волонтирање ја добиле преку пријатели волонтери и/или пријатели кои се активни во граѓанските организации. Само 0,2% (1) испитаник/чка навел дека ако има повеќе информации за можностите за волонтирање, тоа е подобро.




*Графикон 9* Степен информираност на можности за волонтирање?

Во однос на можностите за волонтирање **35,6% (179)** од испитаниците/чките **би сакале да застапуваат подобрување на квалитет на живот и животна средина**, **35% (176) подобрување на квалитет на образование на младите, вклучително и неформално образование (обуки и сл,) образование (обуки и сл,), 11,3% (57)** би сакале да **застапуваат човекови права (права на етничките заедници, лицата со хендикеп, родова еднаквост и тн.).** Од испитаниците/чките **15,7% (79) не знаат што би сакале да застапуваат.** За опцијата **друго одговориле 1,2% (6)** испитаници/чки. Со 0,8% (4)

одговориле дека би сакале да ги застапуваат претходно сите наведени одговори, односно подобрување на квалитет на живот и животна средина, подобрување на квалитет на образование на младите, вклучително и неформално образование (обуки и сл,) образование (обуки и сл,) и човекови права (права на етничките заедници, лицата со хендикеп, родова еднаквост и тн.). По еден испитаник/чка одговориле дека би сакале да застапуваат образование и култура, односно квалитетно образование, правда, заштита на природата и сите други работи за доброто на општеството.




*Графикон 10* Приказ на полињата за можностите на волонтирање на младите

На прашањето број 8 во кое се бара од испитаниците/чките да наведат примери од нивниот/туѓ активизам, најголем број навеле дека се **волонтери на општинските организации на Црвениот Крст на Република Северна Македони**ја, преку кои учествуваат во разни активности и се дел од различни хуманитарни акции. Притоа многумина имаат наведено дека биле дел и од обуки на тема: в**рсничка едукација, родова активност, младински активизам.** Од добиените одговори има и испитаници/чки кои активно учествуваат или се дел од **еко настани и активности за зачувување на животната средин**а, дали како дел од училишните настани или како волонтери во невладини организации.

На скала од 1 до 5, колку локалната самоуправа е отворена за иницијативи и предлози од млади луѓе во општината, **1 – Целосно затворена, сметаат 12,9% (65)** испитаници/чки, **2 – Делумно затворена 20,3% (102)**, **3 – Ниту отворена, ниту затворена, одговориле 39,2% (197)** од испитаниците/чките. Со **4 – Отворена, ја оцениле 29,6% (149)**, а само **6,2% (31) мислат дека локалната самоуправа е многу отворена и дека секогаш има слух за нивните проблеми и потреби.**




*Графикон 11* Приказ на скала од 1 до 5 колку локалната самоуправа е отворена за иницијативи и предлози од млади луѓе во општината

На скалило од 1 до 5, **колку локалната самоуправа во Тетово** е отворена за иницијативи и предлози од младите луѓе, **на скала 1, односно дека целосно е затворена, сметаат 10% (14**), дека е **делумно отворена за иницијативи и предлози сметаат 22% (32)** испитаника/чки, односно ја означуваат со скалило 2. **Една третина од младите луѓе односно 31% (45) сметаат дека локалната самоуправа треба да биде сместена на скалило 3 - ниту е отворена ниту е затворена за иницијативи и предлози**. Приближен процент, односно **33% (48) млади испитаници/чки сметаат дека локалната самоуправа е на скалило 4,** односно отворена за предлози и иницијативи, а само **4% (5) млади ја рангирале со 5 – многу отворена, секогаш има слух за нашите проблеми и потреби**.
На истото прашање **9% (21) од младите испитаници/чки од Гостивар**, сметаат дека локалната самоуправа треба да биде на **скалило 1 зашто е целосно затворена за иницијативи и предлози.** За **скалило 2, дека делумно е затворена сметаат 19% (44). Најголем процент од испитаниците/чките сметаат дека локалната самоуправа ниту е отворена ниту е затворена, односно 36% (86**). **Младите луѓе од општина Гостивар сметаат дека локалната самоуправа е отворена за предлози и иницијативи и ја рангираат на скалило 4. Само 4% (9) сметаат дека локалната самоуправа е многу отворена и има слух за нивните потреби и проблеми.**

Во **општина Боговиње само еден испитаник/чка** смета дека локалната самоуправа е **многу отворена за предлози и иницијативи и има слух за нивните потреби.**

**20% (30)** од младите испитаници од **општина Врапчиште** ја рангирале на **скалило 1, дека е целосно затворена.** Дека **делумно е затворена, односно скалило 2, сметаат 17% (26).** На **скалило 3 ја рангираат најголем број од младите испитаници/чки 38% (56)**. Од вкупно **150 испитаници од општина Врапчиште 16% (24) сметаат дека е отворена за**

**иницијативи и предлози** од младите луѓе**, а 9% (14) сметаат дека локалната самоуправа е многу отворена и секогаш има слух за нивните потреби и проблеми**, односно ја рангирале со скалило 5.




*Графикон 12 Приказ за отвореноста на локалните самоуправи за иницијативи и предлози*

На скала од 1 до 5, за тоа колку локалната самоуправа ги поддржува идеите на младите во Вашата општина, на скала **1 – воопшто не ги поддржува, сметаат 11,7% (59)** од испитаниците. Со **2 – многу малку ги поддржува, ја оцениле 20,9% (105)** млади. На скалило **3 – ниту ги поддржува, ниту не ги поддржува сметаат 28,6% (144)** од испитаниците/чките. Најмногу млади рангирале на **скалило 4, 31,8% (160),** односно дека локалната самоуправа понекогаш ги поддржува идеите на младите, а на **скалило 5 – секогаш ги поддржува ја рангирале 16,1% (81)** од испитаниците/чките. Само еден испитаник/чка смета дека локалната самоуправа ќе ја даде својата поддршка во зависност од тоа кои се младите.




*Графикон 13* Приказ на скала од 1 до 5 колку локалната самоуправа ги поддржува идеите на млади луѓе во општината.

Во однос на ова прашање, но поделено по локални самоуправи за локалната самоуправа во **Тетово**, **8% (9) сметаат дека воопшто не ги поддржува**, **29% (32) сметаат дека локалната самоуправа е на скалило 2** односно многу малку ги поддржува. **Високи 37% (40) млади луѓе сметаат дека локалната самоуправа е на скалило 3,** односно ниту ги поддржува ниту не ги поддржува. Само **4% сметаат дека локалната самоуправа понекогаш ги поддржува, односно скалило 4,  а 22% (24) испитаника/чки сметаат дека секогаш се поддржани и локалната самоуправа ја рангираат со скалило 5.**

На ова прашање **10% (24) младите испитаници/чки од општина Гостивар сметаат дека локалната самоуправа треба да ја рангираат на скалило 1** зашто воопшто не ги поддржува во идеите. На **скалило 2, дека многу малку ги поддржува, ја рангираат 20% (47) од испитаниците/чките**. **Ниту ги поддржувана ниту не ги поддржува односно за скалило 3 се одлучиле 22% (20). Висок процент односно 34% (80) од младите испитаници/чки локалната самоуправа во Гостивар ја рангираат на скалило 4** дека понекогаш ги поддржува нивните идеи, а **14% (32) сметаат дека локалната самоуправа во Гостивар секогаш ги поддржува во идеите, односно ја рангирале на скалило 5.**

**Еден испитаник/чка локалната самоуправа во општина Боговиње ја рангира на скалило 4 – понекогаш ги поддржува во нивните идеи.**

Во однос на ова прашање младите луѓе од **општина Врапчиште** процентуално не се разликуваат со ставовите од нивните врсници од другите општини. **10% (16) сметаат дека локалната самоуправа воопшто не ги поддржува во идеите, односно ја рангираат на скала 1**. Дека многу малку ги поддржува сметаат **16% (25) од младите испитаници/чки, односно ја рангираат на скалило 2**. **Најголем  процент, дури 35% (54)**

**сметаат дека локалната самоуправа ниту ги поддржува ниту не ги поддржува во идеите односно ја поставуваат на скалило 3.** На **скала 4 локалната самоуправа ја рангираат 24% (38)** односно понекогаш локалната самоуправа ги поддржува младите луѓе во идеите, а само **15% (23) од испитаниците/чките сметаат дека локалната самоуправа секогаш ги поддржува, односно ја избрале скала 5.**




*Графикон 14 Приказ колку локалните самоуправи ги поддржуваат идеите на младите по општини*

Во однос на прашањето кои се најголемите проблеми со кои се соочуваат младите во нивната општина, со рангирање од 1 како најмал и 5 како најголем проблем, **дури 61,4% (309) од испитаниците/чките сметаат дека** проблемот со вработувањето **е најголем проблем** на младите луѓе во нивната општина, а дека вработувањето е **најмал проблем сметаат само 3,1% (16)** испитаници/чки. На скалило од **2, малку повеќе од најмал проблем, го рангирале 3,7% (19)**, за проблем ниту најмал ниту најголем односно на скалило **3 го рангирале 11,1% (56)**, а за скалило **4 (помалку од најголем проблем) се одлучиле 20,4% (103)** испитаници/чки.

Дека инфраструктурата е **најголем проблем со кој се соочуваат младите луѓе во нивните општини, сметаат 33,7% (170),** а дека истата е **најмал проблем сметаат 1,9% (10)** испитаници/чки. На скалило **2 ја поставуваат 10,5% (53**), за скалило **3, дека**

**проблемот со инфраструктурата не е ниту мал ниту голем проблем се решиле 20,6% (104)** од испитаниците, **а 33% (166) сметаат дека проблемот со инфраструктурата треба да го рангираат со број 4.**

Од испитаниците **34,3% (173) сметаат дека животната средина е најголем проблем на младите луѓе во нивната општина**, а само **3,3% (17) испитаници/чки сметаа дека тоа е најмал проблем**. Овој тип на проблем со **2 го рангирале 10,3% (52),** со **3 го рангирале 22,8% (115**), а **на скалило 4 го рангирале високи 29% (146)** испитаници/чки.

**Дека најголем проблем** со кој се соочуваат младите луѓе во своите општини **е културата и спортот сметаат 38,7% (195)** и го рангираат со 5, а само **5,9% (30) испитаници/чки сметаат дека тоа е најмал проблем** и го рангираат на скалило 1. По ова прашање, како проблем кој треба да биде рангиран како број **2, сметаат 15,5% (78),** а ранг број **3 (ниту најголем ниту најмал проблем)** го избрале **15,7% односно 79 испитаници/чки**. Како проблем кој треба да се рангира со **4 сметаат 24% (121)**.

Висок процент на млади, **50,6% (255) сметаат дека образованието претставува најголем проблем (рангирано со број 5)** со кој се соочуваат младите луѓе во нивните општини. Дека **образование е најмал проблем во нивните општини сметаат 5,3% (27)** од испитаниците/чките и го рангираат со број 1. **7,1% (36) сметаат дека овој проблем треба да го рангираат со број 2.** Дека не е **ниту најголем ниту најмал проблем сметаат 14,7% (74)** од испитаниците/чките, **а 22% (111) сметаат дека тежината на овој проблем е соодветно за скалило 4.**




*Графикон 15* Приказ на најмал VS најголем проблем на младите луѓе во нивните општини.

**<u>Младите во општина Тетово, како и во трите други таргетирани општини сметаат дека вработувањето и образованието се најголеми проблеми во нивните општини.</u> 0,7% (1) смета дека вработувањето е најмал проблем, 2,2% (3) сметаат дека овој проблем е малку повеќе од најмал проблем односно го ставаат на скала 2, 9,5% (13) сметаат дека**

**овој проблем не е ниту најмал ниту најголем и го ставиле на скала 3**. **Дека тежината на овој проблем е висок сметаат 22,6% (31)** од младите испитаници/чки, **а највисоко на скалата го рангирале 65,7% (90) и сметаат дека во нивната општина Тетово најголем проблем е вработувањето**. Во однос на инфраструктурата **0,7% (1) смета дека е најмал проблем**, **6,6% (9) сметаат дека е проблем кој треба да се рангира на скала 2**. Дека **не е ниту најмал ниту најголем проблем сметаат 23,4% (32) испитаника/чки** од општина Тетово. Проблем кој треба да биде рангиран на скала **4, како проблем малку помал од најголемиот, сметаат 46,7% (64), а како најголем проблем сметаат 23,4% (32).**

Дека животната средина **во општина Тетово е најмал проблем сметаат само 0,7% (1) испитаник/чка**. **8% (11) од младите испитаници сметаат дека овој проблем треба да се рангира на скала 2**. Дека овој проблем не е **ниту мал ниту голем сметаат 27% односно 37 испитаника/чки**. **На скала 4 го рангирале 38% односно 52 млади, а 27% (37) сметаат дека животната средина е најголем проблем во нивната општин**а. Во **однос на културата и спортот 2,2% (3) сметаат дека е најмал проблем, 18,2% (25) од младите сметаат дека е проблем кој треба да се рангира на скала 2, 17,5% (24) сметаат дека не е ниту најголем ниту најмал проблем и го рангирале на скала 3. 25,5% (35) од младите испитаници сметаат дека овој проблем со својата тежина е на скала 4, а високи 37,5% (51) испитаник/чка сметаат дека е животната средина е најголем проблем во општина Тетово**.

Во однос на **образованието 3,6% (5) сметаат дека е најмал проблем во нивната општина, 7,3% сметаат дека е проблем кој е за нијанса поголем од најмалиот**. **10,9% (15) сметаат дека овој проблем не е ниту најмал ниту најголем,** односно дека е на скала 3. **26,3% (36) сметаат дека овој проблем е на скала 4,** а дури **52,6% (72) од младите лица сметаат дека образованието е најголем проблем во општина Тетово.**




*Графикон 16 Што младите во општина Тетово сметаат дека е најмал, а што најголем проблем.*

**<u>За разлика од младите испитаници/чки од општина Тетово, за кои најголем проблем претставува проблемот со вработувањето, младите испитаници од општина Гостивар сметаат дека најголем проблем со кој се соочува нивната општина е образованието.</u>**

Во однос на **вработувањето како проблем 6,4% (14) сметаат дека е најмал проблем во општина Гостивар.** На **скала 2, 5,9% (13) сметаат дека е проблем малку поголем од најмалиот проблем.** 1**4,1% (31) сметаат дека не е ниту најмал ниту најголем проблем и го рангираат на скала 3**. **21,8% (48) сметаат дека овој проблем има тежина за да биде рангиран на скала 4,** а половина од испитаниците/чките од општина Гостивар, **51,8% (114) сметаат дека вработувањето е најголем проблем.**

За **инфраструктурата како проблем во општина Гостивар, 4,1% (9) сметаат дека е најмал проблем, а 15,9% (35) сметаат дека овој проблем треба да биде на скала 2**. Дека проблемот со инфраструктурата **не е ниту најмал ниту најголем сметаат 21,8% односно 48 испитаници/чки. 27,3% (60) сметаат дека проблемот е со тежина на скала 4, а 30,9% (68) сметаат дека овој е најголемиот проблем во нивната општина и го рангираат на скала 5.**

**11,8% (26) испитаници/чки сметаат дека културата и спортот сметаат е најмал проблем, 17,35% (38**) **сметаат дека овој проблем треба да се рангира на скала 2**. Дека културата и спортот не се **ниту најмал, ниту најголем проблем сметаат 14,1% (31). 24,8% од младите испитаници сметаат дека овој проблем има тежина да биде рангиран на скала 4,** а **32,7% (72) сметаат дека ова е најголем проблем**.

Во однос на **образованието 8,2% (18) од младите испитаници/чки сметаат дека е најмал проблем во општина Гостива**р. **9,5% (21) сметаат дека овој проблем е малку голем од најмалиот проблем, односно дека треба да биде рангиран на скала 2**. **17,7% (39) сметаат дека овој проблем не е ниту мал ниту голем**. **21,8% (48) сметаат дека овој проблем е помал од најголемиот односно дека има тежина за да биде на скала 4. 42,7% (94) сметаат дека најголем проблем во општина Гостивар е образованието.**




*Графикон 17 Што младите во општина Гостивар сметаат дека е најмал, а што најголем проблем.*

**<u>Младите луѓе од општина Врапчиште имаат исто мислење како нивните врсници од општина Гостивар, дека образованието е најголемиот проблем во нивната општина.</u>**

За вработувањето **2,6% (3) сметаат дека како проблем треба да се рангира на скала 2, 10,5% (12) сметаат дека овој проблем не е ниту најголем ниту најмал. 21,1% (24) испитаници/чки сметаат дека овој проблем е на скалило 4, <u>а вработувањето како најголем проблем го сметаат високи 92,1% (105) млади луѓе.</u>**

За **инфраструктурата како проблем 7% (8) сметаат дека е проблем кој треба да биде рангиран на скала 2. 21,1% (24) сметаат дека инфраструктурата не е ниту најголем ниту најмал проблем. 36,8% (42) сметаат дека овој проблем има тежина за да биде рангиран на скала 4**, а за **најголем проблем го сметаат 71,4% (70)** од младите испитаници/чки.

Само **еден испитаник 0,9% смета дека животната средина е најмал проблем во општина Врапчиште. 8,8% (10) сметаат дека проблемот со животната средина е за едно скалило погоре, односно е на скала 2. 26,3% (30) сметаат дека животната средина не е ниту најмал проблем ниту најголем** проблем во нивната општина. **28.9% (33) сметаат дека овој проблем е доволен за да биде на скалило 4. 61,4% (70) сметаат дека овој проблем е најголемиот во нивната општина.**

Како за животната средина, така и за култура и спорт **само еден испитаник/чка смета дека е најмал проблем во нивната општина. 12,3% (14) сметаат дека овој проблем е доволен за скала 2. 21,1% (24) сметаат дека овој проблем не е најмал ниту најголем. 28,9% (33) сметаат дека овој проблем траба да биде рангиран со скала 4**. Дури **63,2% (72) сметаат дека ова е најголем проблем во нивната општина**.

**Образованието како најмал проблем во општина Врапчиште го рангираат 2,6% (3)**. **4.4% сметаат дека е малку поголем проблем и го рангирале на скала 2**. **17,5% (20) сметаат дека образованието не е ниту најголем ниту најмал проблем**. **23,7% (27) сметаат дека тежината на проблемот со образованието треба да се рангира на скала 4.** Дека образованието во општина Врапчиште е **најголем проблем сметаат 78,1% (89) од младите испитаници/чки.**




*Графикон 18 Што младите во општина Врапчиште сметаат дека е најмал, а што најголем проблем.*

Во однос на ова прашање **само еден испитаник од општина Боговиње смета дека вработувањето, животната средина и образованието се најмали проблеми** во општина Боговиње, а **малку поголеми проблеми со кои се соочува општината е инфраструктурата и културата и спортот, односно со тежиште од скала 2.**

Најголем број од испитаниците/чките одбиле да објаснат зошто сметаат дека некој од наведените теми на претходното прашање се најголеми проблеми. **Најголемиот број** од оние кои одговориле **навеле дека вработувањето е најголемиот проблем со кој се соочува нивната општина** и дека тоа не е проблем само на локално ниво, туку дека тоа е проблем на национално ниво. Наведено е дека за жал, постојат многу малку новоотворени работни позиции, што делува демотивирачки за младите и истото доведува за нивна миграција од нивната општина или од државата. **Образованието е тема која исто така е спомената од страна на испитаниците/чките, со објаснување дека програмите се застарени, наставничкиот кадар не е доволно квалитетен и обучен за новите програми кои ги имаат и дека условите во училиштата не се задоволителни**.

Од теми кои претставуваат проблеми се наведува и културата и спортот. Многумина од испитаниците/чите наведуваат дека **условите за спорт се на многу ниско ниво, дека не се вложува во спортот, а со тоа, за жал, многу талентирани млади се оневозможени кон напредок** во истото. Инфраструктурата е исто така еден од проблемите кои го споменуваат испитаниците/чките.

На последното прашање *"Дали сметате дека има некој друг проблем кој ги мачи младите? Ако да, објаснете"*, во најголем процент од испитаниците/чките не одговориле или одговориле со НЕ или НЕ ЗНАМ. **Најголем број** од испитаниците/чките кои навеле дека постои и друг проблем кој ги мачи младите го **посочиле образованието и активното неформално образование на младите луѓе.** Висок процент од испитаниците/чките сметаат дека и **финансиите се проблем на младите**, дека, за жал, сè функционира низ призмата на парите. Младите не се сфаќаат како сериозен двигател на општеството, а сето тоа придонесува младите да се чувствуваат дискриминирани. **Културните настани се на незначително ниско ниво, како и спортските збиднувања**. Загрижува фактот што во неколку наврати младите истакнале дека во нивните општини степенот **на продавање и консумирање на наркотични средства е на високо ниво, а надлежните не преземаат никакви активности.**

## Заклучоци и препораки

**Чувство на неизвесност и несигурна иднина кај младите во Полошкиот регион**

***Заклучок 1:*** **Неизвесната иднина ги тера младите да мигрираат во други, поразвиени земји.** Во рамки на дискусиите водени при интервјуата, прашањето на миграција се спомна кога се разговараше за амбициите и за тоа каде младите се гледаат во блиска иднина, односно по завршување на образованието. Преовладуваше мотивот да ја напуштат земјата во блиска или подалечна иднина. Неизвесната иднина ги тера младите да мигрираат, што е на штета на државата која инвестира во нивното образование, од кое понатаму економска корист имаат други земји.

***Препорака 1:*** **Да се креираат можности, односно да се преземат активни мерки за вработување на младите веднаш после завршување на образованието и/или да се информираат младите за постоечките можности.** Можностите треба да се доближат до младите, односно локалната самоуправа, во соработка со училиштата, може да организира саеми за вработување на младите, со цел да обезбеди пристап до информации, односно да ги мотивира младите да ја сменат перспективата и да останат во државата. Имајќи предвид дека во Македонија има доста компании кои ангажираат млади да работат од далечина, секоја општина/или на ниво на регион**, да направи проценка на интересот на младите (според секторите) и според тоа, да се обезбедат достапни информации за можности за вработување.**

***Заклучок 2:*** **Образовниот систем не одговара на потребите на пазарот на труд. Младите ги препознаваат вработувањето и образованието како два клучни проблеми во својата локална средина.** Неповолната положба на младите на пазарот на труд во голема мера потекнува од проблематичниот премин од училиште на работа при што постојат грижи дека терцијарните програми не ги задоволуваат потребите на пазарот за труд. Една од причините за големата невработеност кај младите се недоволните или несоодветни вештини. Постои огромен јаз меѓу вештините што се усвојуваат во образовниот систем и потребите на приватниот сектор. Истовремено, за време на ориентационите интервјуа од страна на младите беше препознаено и негативното влијание на политичките партии врз можностите за образование и вработување.

***Препорака 2:*** **Да се идентификува потребата од дуално образование на долг рок,** односно во самите основни училишта, да се спроведуваат проценки на интересот на младите за стручно средно образование, со фокус на побарувачката од новокреираните работни места во IT секторот.

***Препорака 3:*** **Да се обезбедат можности за стручно усовршување на младите по завршување на средно/високо образование според побарувачката на работна сила.** Ова може да се прави на годишно ниво, во соработка со училиштата и Агенцијата за вработување на локално ниво.

**Вклученост на младите во креирање на локални младински политики**

***Заклучок 3:*** **Чувството на исклученост и ограничени можности за искажување став за локалните потреби** е еден од наодите при интервјуата и одговорите на прашалникот од страна на младите од Полог. Спроведеното истражување за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог и нивото на нивното учество во заедницата укажува на потребата за поголемо вклучување на младите во донесување на младински политики и потребата од поттикнување на младинскиот активизам во Полошкиот регион.

***Препорака 4:*** **Општините треба да ги поттикнат младите креирајќи механизми и простор за дијалог со младите,** преку воспоставување на младински советодавни тела на локално ниво

***Заклучок 4:*** Само една третина од младите сметаат дека општините се отворени, додека исто толку сметаат дека не се ниту отворени, ниту затворени. Имајќи предвид дека на прашалникот половина од младите што одговорале се активни во својата локална заедница, овој наод треба да се земе за точен. Ова значи дека младите, доколку имаат простор за себе-реализација, би биле активни чинители во заедницата.

***Препорака 5:*** Општините треба да обезбедат **поддршка на младински активизам и младинско организирање** и делување во формални и неформални младински групи на локално ниво, со што младите би го искористиле својот потенцијал и би придонеле за развој на самата локална заедница. За ова, секоја општина треба да алоцира и континуирана финансиска поддршка преку своите годишни програми.

**Јакнење на капацитетите на младите од регионот/општината**

***Заклучок 5:*** **Недоволен капацитет на младите за застапување на локално ниво.** Младите ги препознаваат клучните проблеми во својата локална средина и имаат волја да придонесат кон развој на локалната заедница. Покрај вработувањето и образованието, **младите од Полог ги препознаваат инфраструктурата и животната средина како следни доминантни проблеми**. Дел од учесниците на ориентационите интервјуа споделија и нивни лични иницијативи кои ги имаат преземено, како што се чистење на одредени објекти или одредени зони во нивните заедници, како и учество на протести против загадувањето на воздухот. Држењето на т.н. „младинска генерација" во стеги надвор од системот на одлучување, резултира со неорганизирани млади кои прераснуваат во понизни граѓани без право на глас.

***Препорака 6:*** **Младите треба да ги зајакнат своите капацитети за застапување, креирање на политики, како и за процесот на донесување одлуки** со цел да бидат активни чинители во заедницата, односно да придонесат кон решавање на проблемите кои ги мачат сите генерации.

***Препорака 7:*** Граѓанските организации треба да се проактивни во обезбедувањето можности за младите да развиваат критички граѓански пракси преку ангажирање со

идеи, вмрежување и искуства што градат индивидуални и колективни способности за унапредување на животот во заедницата. Младите треба да се водечка сила во промените на разни структурни ограничувања во нивните заедници.

## Додаток

**Прашалник за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог и нивото на нивното учество во заедницата/ Pyetësor për përvojën dhe aktivitetet në të cilat janë të angazhuar të rinjtë nga Pollogu dhe nivelin e pjesëmarrjes së tyre në komunitet.**

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) спроведува истражување за активизмот и потребите на младите од Полошкиот регион.

Прашалникот е наменет за младите од општините Гостивар, Тетово и Врапчиште. Одговарањето на прашалникот нема да Ви одземе повеќе од 5 минути.

Оваа активност се реализира во рамки на проектот „Генерација за промени – млади лидери од Полог", имплементиран од Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ). Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија, преку програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен развој на заедницата", спроведуван од Коалицијата на младински организации СЕГА. Ви благодариме за соработката!

-----------------------------------------------------------------------------

Asociacioni për Iniciativa Demokratike (ADI) kryen hulumtime mbi aktivizmin dhe nevojat e të rinjve nga rajoni i Pollogut.

Pyetësori është i dedikuar për të rinjtë nga komuna e  Gostivarit, Tetovës dhe Vrapçishtit. Përgjigja e pyetësorit nuk do t'ju marrë më shumë se 5 minuta.

Ky aktivitet realizohet në kuadër të projektit "Gjenerata për ndryshim - liderë të rinj nga Pollogu", i cili financohet nga programi i granteve të projektit "Pjesëmarrja e të rinjve për zhvillim të fortë dhe të qëndrueshëm të komunitetit" të zbatuar nga Koalicioni i Organizatave Rinore SEGA, financuar nga BE.

Faleminderit për bashkëpunimin tuaj!

Email*

**Возраст/ Mosha:**

*

**Пол/Gjinia:**

*

**Општина/Komuna:**

*

Other...

**Етничка припадност/Përkatësia etnike:**

*

**1. Дали сте активни во својата локална заедница? /A jeni aktiv në komunitetin tuaj lokal?**

*

**2. Што е за вас активно учество во заедницата? / Çfarë është për ju pjesëmarrja aktive në komunitet?**

*

Other...

**3. Дали сметате дека младите волонтираат во нивните локални заедници? / A mendoni se të rinjtë bëjnë punë vullnetare në komunitetet e tyre lokale?**

*

**4. Ако одговоривте со ДА, колку често? Можете да изберете повеќе одговори. / Nëse jeni përgjigjur PO, sa shpesh? Ju mund të zgjidhni më shumë se një përgjigje.**

*

**5. Ако НЕ, зошто? Кои сметате дека се причините и препреките за да не волонтираат?/Nëse JO, pse? Cilat mendoni se janë arsyet dhe pengesat që ata të mos bëjnë punë vullnetare?**

**Одговор (објаснете)/Përgjigjuni (shpjegoni):**

Long answer text

**6. Дали имате информации за можности за волонтирање? / A keni informacion për mundësitë e vullnetarizmit?**

Other...

**7. Доколку имате можност за волонтирање, што би сакале да застапувате? Можете да изберете повеќе одговори./ Nëse do të kishit mundësi të bëni punë vullnetare, për çfarë do të dëshironit të avokoni? Mund të zgjidhni më shumë se një përgjigje.**

*

Other...

**8. Наведете примери за ваш/туѓ активизам/Jepni shembuj të aktivizmit tuaj/të tjerëve**

***Одговор:* / Përgjigje:**

*

Long answer text

**9. На скала од 1 до 5, колку локалната самоуправа е отворена за иницијативи и предлози од младите луѓе во Вашата општина? / Në një shkallë nga 1 deri në 5, sa i hapur është pushteti vendor ndaj nismave dhe propozimeve të të rinjve në komunën tuaj?**

*

**10. На скала од 1 до 5, колку локалната самоуправа ги поддржува идеите на младите во Вашата општина? / Në një shkallë nga 1 deri në 5, sa i mbështet pushteti vendor idetë e të rinjve në komunën tuaj?**

*

Other...

**11. На скала од 1 до 5 (каде 1 е најмал проблем, а 5 најголем), кои се најголемите проблеми на младите луѓе во Вашата општина? / Në një shkallë nga 1 deri në 5 (ku 1 është problemi më i vogël dhe 5 më i madhi), cilat mendoni se janë problemet më të mëdha të të rinjve në komunën tuaj?**

*

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработување/Punësimi | | | | | |
| Инфраструктура/Infrastruktura | | | | | |
| Животна средина/ Mjedisi jetësor | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Култура и спорт/Kultura dhe sporti | | | | | |
| Образование/Arsimi | | | | | |

**12. Дали сакате да објасните зошто сметате дека некој од наведените теми се најголеми проблеми за младите?/A doni të shpjegoni pse mendoni se ndonjë nga temat e përmendura është problemi më i madh për të rinjtë?**

***Одговор:/*** **Përgjigje:**

*

Long answer text

**13. Дали сметате дека има некој друг проблем кој ги мачи младите? Ако да, објаснете. / A mendoni se ka ndonjë problem tjetër që shqetëson të rinjtë? Nëse po, ju lutemi shpjegoni.**

**Одговор/Përgjigje:**

Long answer text

# Библиографија

1. Меѓународната канцеларија на трудот, МЛАДИ ЛУЃЕ ШТО НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ И НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ОБУКА (НЕЕТ) МАПИРАЊЕ И СОВЕТИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ, Стр.7, март 2022 https://socijalendijalog.mk/wp-content/uploads/2022/08/MKD_NEET-Mapping-and-Policy-Proposals.pdf
2. Мониторинг извештај за имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2022/04/Monitoring-izvestaj_MKD-2.pdf
3. Национална стратегија за млади 2016-2017 г.
4. Детско село Северна Македонија, ПОЧЕТНА СТУДИЈА ЗА МЛАДИНСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2021 г. https://www.sega.org.mk/images/pdf/Pocetna_studija_MK_final.pdf